**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 мај 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: април 2020 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити, во април 2020 година, изнесува 4,86%, со што продолжи трендот на нејзин месечен и годишен пад, од 0,03 п.п. и 0,37 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 1,11% и е непроменета на месечна основа, додека на годишна основа е намалена за 0,30 п.п.

- Во април, просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити изнесува 3,77% и бележи пад од 0,35 п.п. и 0.94 п.п. на месечна и годишна основа, соодветно. Просечната каматна стапка на новопримените депозити оствари месечен раст од 0,07 п.п. и изнесува 0,61%, додека споредено на годишна основа оваа каматна стапка е пониска за 0,66 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 4.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 1.2020 | 2.2020 | 3.2020 | 4.2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.23** | **5.19** | **5.09** | **4.94** | **4.93** | **4.91** | **4.89** | **4.86** |
| Корпоративен сектор | 4.52 | 4.45 | 4.32 | 4.17 | 4.13 | 4.11 | 4.08 | 4.01 |
| Домаќинства | 5.98 | 5.92 | 5.81 | 5.70 | 5.69 | 5.67 | 5.64 | 5.65 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.71** | **4.70** | **4.46** | **4.15** | **4.46** | **4.33** | **4.12** | **3.77** |
| Корпоративен сектор | 4.31 | 4.29 | 4.11 | 3.80 | 4.19 | 3.82 | 3.79 | 3.66 |
| Домаќинства | 5.35 | 5.22 | 5.10 | 4.71 | 4.91 | 4.95 | 4.83 | 4.38 |
| **Вкупни депозити** | **1.41** | **1.41** | **1.36** | **1.26** | **1.20** | **1.19** | **1.11** | **1.11** |
| Корпоративен сектор | 1.70 | 1.61 | 1.67 | 1.53 | 1.48 | 1.49 | 1.24 | 1.28 |
| Домаќинства | 1.38 | 1.38 | 1.32 | 1.23 | 1.17 | 1.15 | 1.10 | 1.09 |
| **Новопримени депозити** | **1.27** | **1.15** | **1.27** | **1.14** | **0.95** | **0.98** | **0.54** | **0.61** |
| Корпоративен сектор | 1.02 | 0.96 | 1.32 | 1.11 | 0.71 | 0.56 | 0.20 | 0.37 |
| Домаќинства | 1.48 | 1.25 | 1.24 | 1.17 | 1.07 | 1.19 | 0.94 | 1.01 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Во април, просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор изнесува 4,01%, по остварен месечен пад од 0,07 п.п. Месечниот пад е резултат на намалувањето на сите компоненти, и тоа: каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,13 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,07 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,06 п.п.). Анализирано на годишно ниво, оваа каматна стапка е пониска за 0,51 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Априлската каматна стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 3,66% и е намалена за 0,13 п.п. на месечно ниво. Падот произлегува од пониските каматни стапки на кредитите во денари со и без валутна клаузула (за 0,20 п.п. и 0,18 п.п., соодветно), при забележан раст кај каматната стапка на кредитите во странска валута (за 0,31 п.п.). Во споредба со април претходната година, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,65 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор изнесува 1,28% и бележи месечен раст од 0,04 п.п. Растот се должи на зголемувањето на сите компоненти на оваа категорија: каматните стапки на

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

депозитите во странска валута (за 0,02 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити без и со валутна клаузула (за 0,01 п.п., соодветно). Споредено на годишно ниво, каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е намалена за 0,42 п.п.

– Во април, каматна стапка на новопримените депозити[5] на корпоративниот сектор се зголеми за 0,17 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,37%. Нагорната промена е резултат на растот на сите компоненти на оваа каматна стапка, и тоа: каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,21 п.п. и 0,12 п.п.) и каматната стапка на депозитите во странска валута (за 0,09 п.п.). На годишна основа, оваа каматна стапка бележи пад од 0,65 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРСМ.

– Во април, просечната каматна стапка на вкупните кредити на домаќинствата изнесува 5,65% и бележи минимален месечен раст од 0,01 п.п., којшто е резултат на повисоките каматни стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,01 п.п.), во услови на непроменети каматни стапки кај останатите компоненти на оваа категорија. Споредено на годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните кредити на домаќинствата е намалена за 0,33 п.п.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, во април, е пониска за 0,45 п.п. на месечна основа и изнесува 4,38%. Анализирано според валутната структура, месечното намалување произлегува од пониските каматни стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,45 п.п. и 0,43 п.п., соодветно), во услови на раст на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,40 п.п.). Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата бележи пад од 0,97 п.п., во споредба со април 2019 година.

[5] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРСМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата, овој месец, бележи минимален месечен пад од 0,01 п.п. и изнесува 1,09%. Месечната промена се должи на минималниот пад кај каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,01 п.п., соодветно), во услови кога каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула е непроменета. Анализирано на годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата е намалена за 0,29 п.п.

– Во април, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[7] забележа месечен раст 0,07 п.п. и изнесува 1,01%. Притоа, месечниот раст е резултат на повисоките каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,18 п.п.), при остварен пад на каматните стапки на депозитите примени во странска валута (за 0,08 п.п.). Истовремено, каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула во април изнесува 0,65%, за разлика од претходните три месеци кога банките и штедилниците не примиле ваков вид депозити. На годишно ниво, оваа каматна стапка бележи пад од 0,47 п.п.

***

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 30 јуни 2020 година (референтен пресек заклучно со мај 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).